MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-4108/2
16 -03- 2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ----- ----------- од --------, на 28-та седница одржана на ден 29 февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12 - 4108/1 од 02.09.2019 година на подносителот ----- ----------- од --------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за надлежно постапување во предметот со број 12 - 4108 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12 - 4108/1 од 02.09.2019 година година.

Предметот со број 12 - 4108 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 4108 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12 - 4108/1 од 02.09.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ----- ----------- од --------.

Во доставената пријава се изнесени наводи за долгогодишен проблем во Општина Кисела Вода по однос на несанирани улици – ископи и дупки, оштетен асфалт и несаниран дефект со цевки за вода поставени под улиците што претставувало проблем во секојдневното живеење на локалните жители. Во пријавата се наведува дека за овој проблем тие се обратиле до ЈП Водовод и канализација и до инспектори од Град Скопје кои постапиле по нивното барање, излегле на терен и преземале некои активности но, не се задоволни од нивното постапување поради тоа што немало целосно решавање на овој проблем, па сега од Државната комисија се бара помош заради разрешување на предметниот случај.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека во конкретниот случај станува збор за наводи по кои се надлежни да постапуваат други надлежни органи во РСМ, по што оцени дека Државната комисија нема основ за свое надлежно постапување во предметниот случај, а подносителот, заради остварување на


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

барањето за разрешување на предметниот случај, ќе го упати да се обрати до соодветна надлежна институција.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 29 февруари 2020 година под бр. 12- 4108/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : Катица Николовска, Член/Заменик претседател на ДКСК


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk